Смрт на фашизмот — Слобода на народот

Поштарината е платена

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 25 | Скопје, понеделник 28 јули 1947 год. | Год. III

„Службен весник на НРМ“ излегува повремено. Ракописите се испраќаат во дупликат пишани на машина во проред на една страна од табак, на адреса: Службен весник на НРМ — ул. Маршал Тито бр. 10 — Скопје Ракописите не се враќат

Цена на весникот е 4 дин. од табак Претплата за една година 250 динари а за едно полугодие 130 динари — Претплата се испраќа преку Народна банка на ФНРЈ Централа за НРМ — Скопје — чек. сметка 8-801-129, или се внаса во самата администрација на весникот

**213**

**Врз основа чл. 21 и 22 од Законот за даноците, а по предлог на Министерот на финансиите, Владата на НРМ донесуе**

### УРЕДБА
### ЗА ТРОШАРИНА

Чл. 1

Трошарината е облик на данок кој по правило се плака во градовите и работничките населби за општо пооддделни цели на односиот град или работничка населба.

Како градови во поглед на правото за воведување за трошарина се сметаат места, кои се седилишта на градски и околиски народни одбори, потоа градчиња и пазаришта.

За работнички населби се сметаат оние места, кои се во претежен дел населени со работници.

Чл. 2

Со трошарина не може да се оданочуат следните стоки:

1. млеко пресно и стелизирано;
2. детско брашно;
3. сите видови на жито;
4. брашно и трици од сите видови на жито;
5. хлеб;
6. јајце;
7. кромпир;
8. сол (натриум хлорид);
9. дрво за градење и дрвен градежен материјал;
10. шљунок, песок и кршен камен.
11. вар обичен и цимент;
12. тули, црепови и керамиди;
13. стакло за прозори;
14. железни носачи и железни конструкции за покриви, работилници и слично;
15. прибор за електрично осветление, освен сијалици;
16. прости и медицински сапун;
17. готови лекови и дозирани препарати;
18. препарати за заштита на растенија и овоштија;
19. модар и зелен камен;
20. вештачко гјубре;
21. калциум карбит;
22. нафт и производи од нафт;
23. прости опинци;
24. машини, инструменти и алат за земјоделие, индустрија, градежи и занаетчиство;
25. инструменти и апарати за научни, медицински и геодетски цели;
26. теретни автомобили;
27. електрична енергија;
28. училишни книги;
29. хартија за печатење весници

Чл. 3

Трошарина може да се заведе на следната стока до назначените износи и тоа:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. гриз, крупа, бунгур, гершла, резанци, макарони и тарана — | до | 20 дин. | од 100 кгр. |
| 2. ориз — — — — — | до | 20 дин. | од 100 кгр. |
| 3. зелено и зрело вариво и зарзават — — | до | 20 дин. | од 100 кгр. |
| 4. пресно овоштие — | до | 20 дин. | од 100 кгр. |
| 5. пекмез од овоштие | до | 50 дин. | од 100 кгр. |
| 6. жива стока: | | | |
| а) едра со исклучение на телина — | до | 10 дин. | од грло |
| б) дребна со исклучение на јагниња, јариња и прасиња | до | 5 дин. | од грло |
| 7. пресно месо — — | до | 50 дин. | од 100 кгр. |
| 8. преработки од месо | до | 100 дин. | од 100 кгр. |
| 9. суво месо и сланина | до | 100 дин. | од 100 кгр. |
| 10. маст свињска — — | до | 100 дин. | од 100 кгр. |
| 11. масло за јадење — | до | 100 дин. | од 100 кгр. |
| 12. лој — — — — — | до | 50 дин. | од 100 кгр. |
| 13. риба пресна или сува од продажната цена | до | 0,50 | |
| 14. шекер — — — | до | 100 дин. | од 100 кгр. |
| 15. мед природен — — | до | 100 дин. | од 100 кгр. |
| 16. квасец — — — | до | 50 дин. | од 100 кгр. |
| 17. кајмак, путер, пресно масло, сирење обично и кашкавал — — | до | 100 дин. | од 100 кгр. |
| 18. денатурисан шпиритус наменет за горење — — — — | до | 1 дин. | на 1 л. |
| 19. киселина (оцет) — | до | 1 дин. | на 1 л. |
| 20. боја за чевли — — | до | 300 дин. | од 100 кгр. |
| 21. кухињски садови — | до | 3% дин. | од вредн. |
| 22. машини за пишуење и сметање — — | до | 5% дин. | од вредн. |
| 23. дрва за горење — | до | 1 дин. | од 1 кбм. |

24 јаглен — — — до 10 дин. од 1 тона

25 рационирана стока изработена од памучно, ланено, конопно и волнено предено од единствените цени на продавачка на мало — — 2%

26 рационирана стока изработена од штавена кожа од единствената цена на продавачката на мало — — — — — — — — — — 3%

Чл. 4

Трошарина нема да се наплатуе во следните случаи без оглед на видот на стоката:

1. на стока која што ја трошат индустриските и занаетчиските претпријатија како суровина или како погонски или потрошен материјал;

2. на стока која што ја дели Црвениот крст;

3. на стока која што ја троши Југословенската армија;

4. на стока која што е набавуат социалните и здравствените установи за своите нужди;

5. на предмети за лица кои што се уселуат;

6. на предмети наменети на јавни музеи;

7. на употребени садови и **заводи** ако се докаже да служеле за износ на стока од трошаринскиот реон, па се вракаат на износникот на понатамошна употреба;

8. на пратки на животни продукти на ученици, војници, болни и на лица лишени од слобода до 5 кгр. тежина; и

9. на стока која што се превозуе низ трошаринско подрачје, како и стока која се унесуе заради доработуење, обработуење или преработуење ако после доработуењето, обработуењето или преработуењето се изнесуе од трошаринското подрачје.

Чл. 5

Видовите и стопите на трошарината ги одредуат народните одбори на градовите односно работничките населби, во рамките на оваа Уредба со потврда на повисокиот орган на државната власт.

Чл 6

Трошарина на стока, плакјаат физичките и правните лица кои внесуат унесуат или произведуат стока со цел за трошење на подрачјето на односниот народен одбор

Чл. 7

Обврска за плакјање трошарина на стоката настануе во моментот на внесуењето или увозуењето на стоката во трошаринското подрачје на односниот народен одбор, а за стока која се произведуе на тоа подрачје во моментот на пуштањето на стоката во промет или трошење.

Секое лице, кое трошарински предмети внесуе во трошаринскиот реон, должно е на трошаринската станица да пријави видот и количината на стоката.

Пријавата е усна или писмена. Во кој случај пријавата ке биде усна односно писмена определуе односниот народен одбор.

Чл. 8

Трошарина се плакја према вредноста или количината на стоката или во одредени износи.

Чл. 9

До колку трошарината се наплатуе во тежина она има да се наплатуе по чистата тежина која се установуе било со мерење било пак по одбивањето на дарата.

На име дара се одбива и тоа за стока:

1. — во бали, вреки и мешини 2%

2. — во кошеви, купови древни рамки, древни и железни качиња и со пола сандаци 8%;

3. — во древни сандаци, древни качиња, древни бочви со еден или два дена, како и железни бочви 15%

4. — не се одбива дара на стока која се ставуе во промет заедно со својата опаковка и се продава бруто за нето.

Доколку наплатуењето трошарина на стоката се врши во царинарницата, за одбивање на дарата важат царинските прописи.

Чл. 10

Ако се определуе трошарината спрема вредноста на стоката како основ за одмеруење на трошарината служи:

1. — За стоката увозена од иностранство нејзината вредност со останатите трошкови искажана во сметката на иностраниот испорачител односно во царинските документи, а уголемена со дажбините кои се наплатуат према чл. 50 од Законот за даноците;

2. — За останала стока нејзината вредност (без да се приспаднуе маржата односно рабатот) искажана во сметката на испорачителот. Ако во сметката се искажуат односно било какви други трошкови во врска со испорачуењето на стоката, тие трошкови има да се дадат на нејзината цена. Ако нема сметки од испорачителот како вредност на стоката ке се земе прописшаната цена, односно ако оваа е нема нејзината пазарна цена.

Прописите од точка **1 ке се применуат и за** стока која се увози од иностранство, а за која е пропишано да како темел за одмеруење на трошарината служи продажната цена или единствената цена на продавачката на мало.

Чл. 11

Народните одбори на градови и работнички населби (чл. 1) можат да наплатуат во свои и одредени износи на име услуга и ползи кои поедини физички или правни лица примаат од тие народни одбори или установи под нивна управа. Исто така можат да наплатуат и одредени износи со наименование на извесни права кои користат поедини физички или правни лица.

Како услуги и ползи од став 1 ке се сметаат нарочно: на земјата со маси, столици, бараки, тезги, коли и сл.; употребуење на кланица, хладилница, кантари, ваги и сл.; ветеринарски и градежни прегледи; одржуење чистота во местото; изнесуење на губре и сл.; попаша на добиток на утрините од управа на народните одбори и сл.

Како права од став 1 се сметаат нарочно: држање превозни средства со исклучение на теретни автомобили; држање кучиња; одржуење приредби; јавни опклади; лотарија, томболи сл; точење на алкохолни пијалоци; држање музика, биљард, карти за играње и сл. во угостителските простории; продажба на било каква стока од рака на рака на јавни места со исклучение на весници и часописи, чистење чевли и сл.; боравење во туристички, бањски и климатски места и сл.

Чл. 12

Обврска на плакјање од чл. 11 настануе во моментот на стекнуењето на правата односно примањата на ползата или услугата.

Обврзник за плакјање е ползуачот на правото односно лицето на кое се врши услуга или кое има полза од народните одбори односно од установата или имотот под управата на тие народни одбори.

Чл. 13

Од оданочуење по чл. 11 се искључуат приредбите односно претставите на друштвото „Црвен крст", државните театри, кината како и приредбите од културно-просветен карактер на поедини установи и друштва.

Чл. 14

Неправилно наплатена трошарина како и трошарина наплатена во поголем износ од колку што е пропишано ке се врати во целост односно делимично.

Вракање на трошарина не може да бара (лице) кое трошарината не ја потполно платило.

Чл. 15

Министерот на финансиите на НР Македонија ке издава напатствија за извршуење на оваа Уредба.

Чл. 16

Народните одбори (се должни) да во рок од еден месец од денот на објавуењето на оваа Уредба ги ускладат своите досегашни прописи за давачките со Законот за даноците и оваа Уредба и да добиат согласност од повисокиот орган на државната власт по чл. 2 од оваа Уредба. До тој рок народните одбори ке наплатуат своите дажби во досегашните прописи со применуење на одредбите на Законот на даноците и Уредбата на Владата на ФНРЈ за трошарината.

Чл. 17

Оваа Уредба стапуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Бр. 6722, 14 јули 1947 год. Скопје .

Претседател на Владата на НРМ,
**Лазар Колишевски, с. р.**

Министер на финансиите,
**Даре Џамбаз, с. р.**

## 214

**Врз основа чл. 12 од Уредбата за трошковите на државните откупни претпријатија издадени од Владата на ФНРЈ 29 мај 1947 год. („Службен лист на ФНРЈ" бр. 47 од 4 јуни 1947 год.), Владата на Н. Р. Македонија, донесуе**

### УРЕДБА

**за трошковите на државните откупни претпријатија.**

Член 1

Прописите од оваа Уредба ке се применуат на сите државни стопански претпријатија од републиканско и локално значение чиа основна дејност е откуп на производи кои не се содржани во Наредбата на Владата на ФНРЈ од 14 јануар 1947 год., за утврдуење групи производи и услуги за кои што се одржуват единствени цени со важност на целата територија на Федеративна Народна Република Југославија односно откупни цени („Службен лист на ФНРЈ бр. 5 од 17 јануар 1947 година).

Под откуп во смисла на оваа Уредба се подразбира купуачка на производи непосредно од производуачот.

Член 2

Вкупните трошкови на државните откупни претпријатија се состоат од:

а) нормирани трошкови на откупот и продавачката;

б) издаци за рационализација на работењето и подигање културниот ниво на откупот и

в) допринос за фондот на раководството на претпријатието.

Член 3

Во нормирани трошкови на откупот и продавачката влегуат:

а) сите трошкови неопходни за вршење на откуп и продавачка;

б) нормирани трошкови за вршење на откупните претпријатија.

Поблиски прописи за тоа кои делатности влегуат во откуп и продавачка и што влегуе во нормирани трошкови на откупот и продавачката донесуе Републиканската планска комисија на предлог на надлежното министерство на Народна Република Македонија.

Член 4

Во издаци за рационализација на работењето и подигање културниот ниво на откупот влегуат издаците за подрна организација на откупот, за усавршуење рационалното и хигиенското вршење на манипулацијата и ускладиштуење, за пропаганда и слично.

Издаците за рационализација на работењето и подигање културниот ниво на откупот ке се утврдуат во постоток од со план предвидениот годишен откуп на претпријатието.

Постотокот за рационализација на работењето и подигање културниот ниво на откупот, за поедини производи или групи производи, го одредуе Републиканската планска комисија по предлог на надлежното министерство на Народната Република Македонија.

Член 5

Допринос за фондот на раководството на претпријатието се одредуе со прописи на Уредбата на Владата на Н. Р. М. за Фондот на раководството на претпријатијата (Фонд на раководството) и Централниот фонд на претпријатијата (Ц[illegible] фонд) на откупните државни претпријатија од републиканско и локално значение.

Член 6

Сите д[illegible] стопански претпријатија на кои што се однесуе оваа Уредба, во цел одредуење маржи за произведенија кои откупуат, ке достават преку својот административно—оперативен раководител на надлежното министерство на Народна Република Македонија предлог на трошковите на откупот и продавач-

ката од чл. 8 на оваа Уредба, изразен во процент од вкупниот со план предвиден годишен откуп и тоа поодделно за поедини производи или групи производи.

Надлежното Министерство на Народна Република Македонија ке изработи врз основа на тие подаци предлози на просечните трошкови на набавка и продавачка поодделно за секој производ или групи производи и ке ги достави на Републиканската планска комисија.

Планската комисија врз основа на примените предлози, ке ги пропише нормираните трошкови на откупот и продавачката за поедини производи или групи производи.

Планската комисија може да пропише и различни нормирани трошкови на откупот и продавачката за исти производи или групи производи со оглед на различните услови на откупот во поедини откупни реони.

Член 7

За покрикје трошковите од чл. 2 на оваа Уредба по предлог на надлежното Министерство на Народна Република Македонија, Планската комисија одредуе маржа за поедини производи или групи производи.

Маржите се состоат од:

а) нормирани трошкови на откупот и продавачката;

б) постоток за издаците за рационализација на работењето и подигање културниот ниво на откупот;

в) основниот постоток за допринос на фондот на раководството на претпријатието и

г) додатниот постоток.

Додатниот постоток служи за покрикје на позголемуењето на основниот постоток кое што се дава доколку претпријатието го надмине со план предвидениот износ на откупот.

Неискористениот додатен постоток претпријатието ке го уплати во Републиканскиот буџет.

Член 8

Доколку државните откупни претпријатија на кои што се оваа Уредба однесуе со рационализација на работењето, позголемуење на откупот и правилно работење постигнат пониски трошкови на откупот и продавачката од нормираните трошкови на откупот и продавачката, разликата во износот 50% ке се употреби за рационализација на работењето и подигање културниот ниво на откупот, а 50% ке се уплатуат во фонд на раководството на претпријатието.

Член 9

Доколку претпријатието покрај откупот се занимава уште и со преработуење или со друга некоја дејност во врска со откупените производи во поглед на трошковите, добивката, уштедата и фондот на раководството ке се применуат прописите кои што важат за односната дејност.

Член 10

Државните откупни претпријатија, на кои што се оваа Уредба однесуе, без оглед на нормираните трошкови на откупот и продавачката во смисла чл. 3 од оваа Уредба, во своето книговодство ке ги искаже точно сите свои индивидуални стварни трошкови.

Член 11

Државните откупни претпријатија на кои што се однесуе оваа Уредба, ке ги наградуат од додатниот постоток и оние кооперативни претпријатија кои што со своето заложуење ке покажат особени успеси во откупот.

Височината на делот на додатниот постоток одреден за наградуење кооперативните претпријатија ја пропишуе надлежното Министерство на Народната Република Македонија.

Член 12

Поблиски прописи за примена на оваа Уредба донесуе надлежното Министерство во согласие со Претседателот на Планската комисија.

Член 13

Оваа Уредба влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на Н. Р. Македонија".

Бр. 6721 14 V јули 1947 год. — Скопје

Претседател на Владата на Н. Р. Македонија,
**Л. Колишевски**

Министер на трговијата и снабдуењето,
**Д. Бојановски**

## 215

**По укажана потреба, а врз основа на чл. 79 став II од Уставот на НРМ, Владата на Народна Република Македонија донесуе**

### УРЕДБА
### за оснивање Комисија за локални саобракјај при Владата на Народна Република Македонија

Член 1

Се оснива Комисија за локални саобракјај при Владата на Народна Република Македонија.

Член 2

Комисијата е надлежна за следните работи:

1) планирање и организирање на целокупниот саобракјај и транспорт во локалниот саобракјај во Народна Република Македонија, како и општо раководење на ауто—саобракјајот и контрола над него.

2) раководење со јавниот ауто — саобракјај од републиканско значение. Општо раководство, координација и надзор во однос на јавниот ауто — саобракјај од локално значение за град, место и околија;

3) грижа за поставуење знакови и снабдуење патиштата со сите други потребни сретства станици, на работилници за поправка на моторни возила и на ауто — сервиси на патиштата; воведуење тролејбуски линии и ван од градовите;

4) раководење со ауто — работилници за средни и генерални поправки на возилата на територијата на Народна Република Македонија како и координација и надзор над ауто —

работилниците за помалки и средни поправки кои што се под раководството на народните одбори, нарочно во поголемите градови;

5) грижа за снабдуење со возила и со ауто—материјали; грижа за рационално ползување и одржавање на возилата;

6) раководење со школи и курсеви за подигање на шоферски кадар;

7) раководење со езерскиот саобракјај од локално значение и надзор над него, како и раководење со друг саобракјај кој што и уступат надлежните сојузни органи;

8) давање стручна оценка и согласност на проекти за подигање гаражи, ауто — работилници, сервиси и други постројки за сместуење и поправка на средствата за саобракјај;

9) водење евиденција на моторните возила, на работилниците за поправка на моторни возила, на сервисите, гаражите и слични постројки;

10) административно — оперативно раководење со претпријатијата од републиканско значение.

Член 3

Во името на Владата со работата на Комисијата раководи Претседателот на Владата

Член 4

Комисијата се состои од претседател, секретар и потребен број членови, кои што ги назначуе Владата по предлог од Претседателот на Владата.

Член 5

Претседателот на Комисијата за својата работа непосредно одговара на Претседателот на Владата.

Член 6

Претседателот на Комисијата за локални саобракјај по смерниците и општите напатствија од Претседателот на Владата раководи со работите од својата надлежност и издава наредби, напатствија и решенија.

Претседателот на Владата има право да ги укине, поништи и обустави наредбите, напатствијата и решенијата на претседателот на Комисијата.

Член 7

Комисијата има своја одделна предсметка на приходите и расходите во рамките на предсметката на приходите на Претседателството на Владата на НРМ.

Претседателот на Комисијата е наредбодател за извршуење на предсметката на приходите и расходите.

Член 8

За извршуење на административно — регулаторните функции и за непосредно административно—оперативно раководење со претпријатијата за набавки и за ремонт на моторни возила. Комисијата има секретаријат и потребен број одделенија.

За административно — оперативно раководење со претпријатијата за јавен авто—саобракјај, Комисијата има Глвна дирекција за јавен ауто—саобракјај.

Член 9

Комисијата ги превзема сите работи од досегашната Управа за транспортни претпријатија на Министерството на трговијата и снабдуењето на НРМ, која што управа со предајата работите на Комисијата, престануе со работа.

Сиот персонал на оваа Управа и целокупниот нејзин инвентар се става на расположение на Комисијата.

Претседателот на Владата ке донесе решение за тоа, кои службеници ке се превземаат.

Член 10

Поради оствареуње на координација со останатите претпријатија, установи и органи на државната Управа, се оснива при Комисијата Стручен совет во кој што покрај претседателот и членовите на Комисијата влагаат и претставници од Планската комисија, од Министерството на градежите, од Министерството на индустријата и рударството, од Министерството на земјоделието и шумарството, од Министерството на трговијата и снабдуењето, како и други стручни лица кои што ги именуе Претседателот на Владата.

Советот се состануе по потреба.

Со седниците на Советот раководи претседателот на Комисијата.

На своите седници Советот ги претресуе прашањата за организацијата на саобракјајната служба и за п[illegible]от за изведуење и ползуење на друмско—[illegible]онниот и езерскиот саобракјај на територијата на Народна Република Македонија.

Стручниот совет односно поедини негови членови можат по исклучение своите предлози да ги доставуат и непосредно на Претседателот на Владата.

Член 11

Се овластуе Претседателот на Владата да донесуе поблиски одредби за внатрешната организација на Комисијата и за спроведуење на оваа Уредба.

Член 12

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на нејното објавуење во „Службен весник на НРМ".

Бр. 6329 14 V 1947 год. — Скопје

Претседател на Владата на Народна Република Македонија

**Л. Колишевски**

Министер на трговијата и снабдуењето на Н. Р. Македонија

**Д. Бојановски**

## 216

Врз основа на член 2 од Уредбата за организацијата на хидрометеоролошката служба, Владата на Народна Република Македонија ја донесуе следната

### УРЕДБА

**за оснивање управа за хидрометеоролошкага служба на територијата на Народна Република Македонија**

Член 1.

При Владата на Народна Република Македонија çe оснива Управа на хидрометеоролошката служба за територијата на Народна Република Македонија.

Член 1.

Задачата на управата е:

1) да раководи со хидрометеоролошката служба на територијата на Народна Република Македонија;

2) да ги проучуе сите појави во области на хидрологијата, метереологијата и геомагнетизмот,

3) да ги обработуе собраните податоци од наведените во точка 2 на овој член области за научни потреби и потреба на народното стопанство и одбраната на земјата;

4) да организира прогносничка служба и да дава обавестуења и прогнози за сите хидрометеоролошки и геомагнетски појави, да благовремено соопштуе за опасните хидрометеоролошки појави;

5) да изработуе план на мрежата на хидрометеоролошки станици и други установи и да дава општи напатствија за нивната организација;

6) да организира хидрометеоролошки станици и други установи од републиканско значение и со нив раководи;

7) да се грижи за подготвуењето на стручни кадрови за хидрометеоролошката служба; и

8) да одржава врска и соработуе со слични установи во ФНРЈ.

Член 3.

За извршуење своите задачи Управата издава, во согласие со Претседателот на Владата на НРМ, наредби, напатствија и решења.

Наредбите, напатствиајта и решењата издадени од Управата задолжителни се за подредените и установи и хидрометеоролошки станици.

Член 4.

На чело на Управата на хидрометеоролошката служба стои началникот кого го поставуе претседателот на Владата на НРМ.

Началникот може да има два помошника и тоа еден за хидролошка и еден за метеоролошка служба.

Член 5.

Началникот на Управата по смерниците и општите напатствија на Претседателот на Владата на НРМ самостојно раководи со работите од делокругот на управата.

Претседателот на Владата на НРМ има право да ги укинуе, поништи и задржи напатствијата и решењата на началникот на управата.

Член 6.

Управата на метеоролошката служба има своја самостојна предсметка за приходите и расходите која што влегуе во состав на републиканскиот буџет.

Наредбодател за извршуењето на буџетот е началникот на хидрометеоролошката управа.

Чл. 7

Хидрометеоролошката управа може за потребите на хидрометеоролошката служба да подигне со сопствени средства за врска со кои што ке управуе непосредно или преку органи кои што ке ги она одреди.

Чл. 8

Со цел на научни истражуења и унапредуења на хидрометеоролошката служба при Управата од чл. 1 на оваа Уредба може да се оснива хидролошки институт во Скопје.

Освен тоа Претседателот на Владата на НРМ може да оснива и други институти, заводи и установи при Управата од чл. 1 на оваа Уредба, како и да преноси под раководството на таа Управа хидрометеоролошки и геофизички научни установи од републиканско значение.

Организацијата и работењето на институтот, заводите и установите од предходните ставови ги пропишуе, на предлог на началникот на управата од чл. 1 на оваа Уредба, Претседателот на Владата на НРМ.

Чл. 9

Поблиски одредби за организацијата и работењето на управата од чл. 1 на оваа Уредба ке донесе на предлог на началникот на Управата, Претседателот на Владата на НРМ.

Чл. 10

Хидрометеоролошките станици и други установи од републиканско значение за хидрометеоролошката служба со 1 IX 1497 год. минуат под раководството на Управата од чл. 1 на оваа Уредба.

Чл. 11

Оваа Уредба влегуе во сила со објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Скопје, 14 јули 1947 год. Бр. 6718.

| | |
|---|---|
| Министер на градежите на НРМ, | Претседател на Владата на НРМ, |
| **Тоде Ношпал**, с. р. | **Л. Колишевски**, с. р. |

## 217

**Врз основа член 19 став III-од Законот за уредуење на народните судови, Владата на Народна Република Македонија на предлог на Министерот на правосудието донесуе следната**

### УРЕДБА

### ЗА ИСПЛАТУЕЊЕ ДНЕВНИЦИТЕ И НАДОКНАДУЕЊЕ ТРОШКОВИТЕ НА СУДИИТЕ — ПОРОТНИЦИ.

Член 1.

За време вршењето на судиската должност на судиите поротници им припагја право на дневница, доколку со работата во судот ја губат својата надница, односно дневната плата.

На сите судии—поротници им припагја правото на надокнадуење трошковите, направени по повод вршењето на судиската должност.

Член 2.

Дневниците на судиите — поротници ќе се исплатуат во износ од 140 динари.

Право на дневници припаѓа за целиот временски период за кој се судиите — поротници повикани и се навоѓале на должност во судот, без обзир на тоа што судот било од кои причини не би работел за извесно време.

Член 3.

Времето за дневница се смета од денот на тргнуењето до денот на враќањето.

За денот на тргнуењето и денот на враќањето на судиите — поротници им припаѓа по половина дневница доколку тој ден не работеле во судот, ако губат дел од својата надница, односно дневна плата.

Член 4.

Накнада на трошковите ќе се исплатуе:

а) на сите судии—поротници износот на фактички направените патни трошкови, кои биле потребни да се стигне од местото на живеењето до местото на судот и назад;

б) на сите судии — поротници на кои местото на живеење е подалеку од 3 км. од границите на реонот на седиштето на судот ќе им се исплатуе 120 динари дневно за стан и храна.

Член 5.

Наводот во чл. 4 точка а/од оваа Уредба писмено го потврдуе самиот судија—поротник, гарантирајќи за неговата точност.

Патуењето мора да се изврши онака, како е најевтино за државната каса.

Оправданоста на трошковите од чл. 4, како и бројот на деновите за кои им припаѓа правото на дневници на судиите—поротници по оваа Уредба ги цени и потврдуе претседателот на соответниот суд.

Член 6.

За исплатуење на дневниците и надокнадуење на трошковите на судиите—поротници по чл. 2 и 4 на оваа Уредба, државната каса во началото на секој месец ќе исплатуе на режисерите при околиските и окружните судови нужната сума на привремена признаница.

Исплатата ја врши режисерот на судот врз основа писмено решение на претседателот на судот.

Режисерите на околиските и окружните судови на крајот на месецот со редовни документи ќе ги оправдаат овие расходи и со тоа ќе ги ликвидираат овие признаници.

Додека една привремена признаница не се оправда—ликвидира наполно, не може да се врши исплата по друга

Член 7.

Се овластуе Министерот на правосудието во согласие со Министерот на финансиите да издава обавезни толкуења и напатствија за приложуење на оваа Уредба.

Член 8.

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија."

Скопје Бр. 6723 од 14 VII 1947 год

Министер на правосудието на Н. Р. Македонија, **Васил Калајџиски**

Претседател на Владата на Н. Р. Македонија, **Лазар Колишевски** с. р.

## 218

**На основание чл. 4 од Уредбата за оснивање и надлежноста на Главната геодетска управа Владата на Народна Република Македонија пропишуе**

### УРЕДБА

**за оснивање Геодетска управа при Владата на Народна Република Македонија.**

Член 1.

При владата на Народна Република Македонија се оснива Геодетска управа чија задача е:

1) да во согласност со општиот план на техничката дејност во Народна Република Македонија, а по смерниците на Главната геодетска управа изработуе план за изведуење работи на цивилната геодетска служба за покус и подолг временски период за целото подрачје на Народна Република Македонија, да се грижи за неговото извршуење и за ползуењето на извршените работи;

2) да раководи изведуењето на работи на цивилната геодетска служба од републиканско значение;

3) да ги раководи претпријатијата од републиканско значение кои што ќе бидат основани за изведуење на геодетски работи, за испитуења од практична важност, за набавка, одржавање и поправка на геодетски инструменти и сл ;

4) Службата за геодетски планови и карти да ја води и одржава во согласност со фактичното положение на теренот;

5) да врши надзор над сите видови геодетски премери на територијата на Н. Р. Македонија и да се грижи за правилното използуење на извршените работи во согласие со наредбите и напатствијата на Главната геодетска управа;

6) до доносуење одредби за организација на катастарската служба ја раководи таа служба и работите за подржавање катастарот на земјиштето;

7) да сотрудничи со војно — геодетските стопанските, научните и техничките установи во земјата по сите прашања од геодетскиот премер;

8) да предлага на Владата на НР Македонија донесуење на **претписанија** по прашања од геодетската дејност;

9) да се грижи за унапредуење на геодетската служба и изградуење на стручни кадрови:

Член 2.

На чело на Геодетската управа стои началник, кого го поставуе Претседателот на Владата на НР Македонија. Останалиот персонал го назначуе началникот, но така да службениците од прва и

втора група на чл. 12 од Законот за државните службеници во согласност со Претседателот на Владата на НР Македонија.

Член 3.

Геодетската управа за својата ра[illegible]овара на Владата на НР Македонија.

Член 4.

Геодетската управа има право за извршуење на своите задачи да издава наредба во согласност со Претседателот на Владата на НР Македонија, како и напатствија и решенија, со исклучение на наредби и напатствија за обликот и методите на работата како и за толкувањето на извршените работи согласно чл. 5. ст. II од Уредбата за оснивањето и надлежноста на Главната геодетска управа.

Член 5.

Геодетската управа има своја самостална пред сметка за доходите и расходите кои влегуат во состав на буџетот на Народна Република Македонија. Наредбодател за извршуењето на буџетот е началникот на Геодетската управа.

Член 6.

За координацијата на изведуењето и ползуењето на геодетските работи на цивилната геодетска служба, како и за реализирање соработката со останалите стопански, научни и технички установи во републиката, при Геодетската управа се оснива Стручен геодетски совет во кој покрај началникот на Геодетската управа влегуат и претставители на Планската комисија на НРМ, Министерството на градежите на НРМ, Министерството на правосудието на НРМ, Министерството на земјоделието и шумарството на НРМ, Министерството на финансиите на НРМ, Управата на железниците и претставители на научни установи.

Членовите на Советот ги именуе Претседателот на Владата на НРМ кој одредуе еден од членовите за потпредседател на Советот.

Началникот на Геодетската управа е претседател на Советот.

Член 7.

Советот се состануе по потреба, а најмалку два пати годишно.

На своите седници Советот претресуе прашања за организација на геодетската служба и план за изведуење и ползуење на геодетските работи и доставуе мисленья и предлози на Геодетската управа.

Заклучците на Советот ги потпишуат претседателот и потпретседателот.

Член 8.

Стручниот геодетски совет односно поедините негови членови можат своите предлози да ги доставуат и на Претседателот на Владата на НР Македонија.

Член 9.

Поблиски одредби за организацијата и работата во Геодетската управа ке пропише Претседателот на Владата на НР Македонија.

Член 10

Со денот на оснивањето на Геодетската управа се укинуат установите на републиканските министерства кои што вршеле геодетски работи, а нивниот персонал, прибор и инвентар се ставуе на располагање на Геодетската управа.

Член 11.

Оваа Уредба влегуе во сила кога ке се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 6719 14 VII 1947 год. — Скопје

Претседател на Владата на Народна Република Македонија,

**Л. Колишевски с. р.**

## 219

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластуење Владата на Народна Република Македонија за донесуење уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата и по предлог на Министерот за земјоделие и шумарство, Владата на Народна Република Македонија донесуе

**Уредба**

За оснивање средно земјоделско училиште во Демир Капија.

Чл. 1.

Се оснива средно земјоделско училиште за лозарство и градинарство со седиште во Демир Капија.

Чл. 2.

Земјоделското училиште за лозарство и градинарство во Демир Капија е самостојна установа во ранг на средни стручни школи, под раководство на Министерството за земјоделие и шумарство на Народна Република Македонија.

Чл. 3.

Училиштето има за задоток да издигнуе и изградуе стручен кадар по лозарство и градинарство.

Чл. 4.

Школуењето во средно земјоделското училиште за лозарство и градинарство во Демир Капија трае 4 години. На крајот на четвртата година се полага завршен испит.

Чл. 5.

Училиштето има своја самостојна предсметка на приходот и расходот, која што влегуе во состав на предсметката на приходот и расходот на Министерството за земјоделие и шумарство на Народна Република Македонија.

Чл. 6.

Поблиски одредби за наставниот план за работата и организацијата на училиштето ке пропише со правилник Министерот за земјоделие и шумарство на Народна Република Македонија во согласност со Министерството за просвета на Народна Република Македонија.

Чл. 7.

Оваа Уредба влегуе во сила со објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 6717 14 јули 1947 год. — Скопје

Министер за земјоделие и шумарство
на Народна Република Македонија,
**К. Симоски** с. р.

Потпретседател на Владата
на Народна Република Македонија,
**Љ. Арсов** с. р.

## 220

Врз основа член 10 од Уредбата за Фондот на раководството на претпријатијата (Фонд на раководството) и Централниот фонд на претпријатијата (Централен фонд) на државните откупни претпријатија издадена од Владата на ФНРЈ „Службен лист на ФНРЈ" бр. 19 од 7 1947 год.), Владата на Народна Република Македонија, пропишуе

### Уредба

за Фондот на раководството на претпријатијата (Фонд на раководството) и Централниот фонд на претпријатијата (Централен фонд) на државните откупни претпријатија.

Член 1

Прописите на оваа Уредба ке се применуат на сите државни стопански претпријатија од републиканско и локално значение чиа основна дејност е откуп на производи кои не се содржани во Наредбата на Владата на ФНРЈ од 14 јануар 1947 год. („Службен лист на ФНРЈ" бр. 5 од 17 јануар 1947 год.) и тоа непосредно од производуачот односно од посредникот на отпаците.

Член 2

Оснивањето и употребуењето на фондот на раководството кај државните откупни претпријатија како и Централниот фонд кај нивните административно — оперативни раководачи се врши спрема одредбите на оваа Уредба.

Член 3

Средствата на Фондот на раководството се остваруат од:

а) доприносот кој што се утврдуе врз основа на основниот постоток од вкупниот со план предвидени годишен откуп на дотичното претпријатие. Основниот постоток може да биде различит со оглед на видовите на производите или предметите кои што се откупуат;

б) 50% на износот од уштедата на смалуењето трошковите на откупот во смисла на чл. 8 од Уредбата на Владата на Народна Република Македонија за трошковите на државните откупни претпријатија.

Основниот постоток на доприносот за Фонд на раководството ке го пропише по претходното мислење на Земскиот одбор на Единствените синдикати на Македонија — Председателот на Републиканската планска комисија.

Член 4

Доколку претпријатието го префрли со план предвидениот износ на откупот, во истата сразмера ке се позголеми и основниот постоток на доприносот за фондот на раводството.

Доколку претпријатието не го исполнуе со план предвидениот износ на откупот, во истата сразмера ке се смалуе и основниот постоток на доприносот за Фондот на раковоството.

Претпрјиатијата кои што имаат неоправдано поголеми трошкови на откупот од нормираните или ако неоправдано не го исполнат планот на откупот, за односно време го губат правото на допринос за Фондот на раковоството

За оправданоста на поголеми трошкови на откупот или неисполнуење планот на откупот одлучуе административно-оперативниот раководач.

Член 5

Средствата на Фондот на раковоството ке се употребат:

а) за одделно наградуење работниците и службениците кои што со примена на порационално работење го остваруат или префрлуат планот на откупот и кои што со своето залагање особено се истакнуат;

б) за подигање стручната спрема на работниците и службениците;

в) за изградба на социалните и културните установи на работниците и намештениците.

Од Фондот на раководството не можат да се наградуат директорот и неговите заменици односно помокници.

Член 6

Со Фондот на раководството управуе директорот на претпријатието.

Директорот е должен да при употреба средствата на Фондот на раководството се советуе со синдикалната организација во претпријатието.

Синдикалната организација може на одлуките на директорот да стави свои забелешки до надлежниот административно-оперативен раководач.

Член 7

Сите претпријатија под раководство на еден административно-оперативен раководач се должни да уплатуат на Централниот фонд 5% од уплатите во Фондот на раководството.

Член 8

Средствата на Централниот фонд ке се употребат за награда на директорите на претпрејатијата нивните заменици ондосно помокници, техничкиот персонал како и за истакнатите работници и службеници на претпријатието.

Со Централниот фонд управуе административно-оперативниот раководач.

Член 9

Фондот на раководството ке го основат претпријатијата со 1 јануар 1947 година.

Централниот фонд ке го основат административно-оперативните раководачи со 1 јануар 1947 година.

Член 10

Поблиски одредби за спроведуење на оваа Уредба по предлог од надлежното Министерство ке донесуе Републиканската планска комисија.

Член 11

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Н.Р. Македонија", од која дата и ке се применуе.

Бр 6720 14 VII 1947 год. — Скопје.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Владата на Н. Р. Македонија,
**Л. КОЛИШЕВСКИ** с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Републиканската планска комисија,
**К. МИЉОВСКИ**, с. р.

## 221

Со цел да би се вршело правилно стопанисуење на земјите од Фондот на аграрната реформа и колонизација на територијата на Народна Република Македонија, кои што уште не се разделени на аграрни интересенти и колонисти, Владата на Народна Република Македонија ја издава следната

### Наредба
### за правилно стопанисуење со земјата од Фондот на аграрната реформа.

1.) Околиските и градските народни одбори се должни да извршат точна евиденција на сета неразделена земја од Фондот на аграрната реформа и колонизација, која што се навогја на нивното подрачје.

2.) Околиските и градските народни одбори се одговорни се за благовремено и правилно обработуење и прибирање на приходите на неразделените земји од Фондот за аграрната реформа.

3.) Земјите од точка 1 од оваа Наредба, околиските и градските народни одбори ке ги обработуат во сопствена режија или издават под наем на државните земјоделски стопанства, трудовите земјоделци кооперации, установи, институции и др. земјоделски стопани.

4.) Секој околиски односно градски народен одбор, на основа поставениот план за обработуење и прибирање приходите од неразделените земји од Фондот за аграрна реформа, ке направи пресметка (буџет) на расходите и приходите од тие земји за односната година. Овој буџет по одобрението му од соответниот народен одбор ке биде како анекс-прилог кон редовниот буџет на односниот народен одбор.

Вишокот на приходите над расходите или вишокот на расходите над приходите ке се внесуе, односно ке се исплатуе од односниот редовен буџет на одборот.

5.) За исполнение на горните задачи од оваа Наредба при секој околиски, односно градски народен одбор ке се образуе комисија како помоштен орган на извршниот одбор.

Комисијата ке се состои од пет члена и тоа: од по еден претставител — член на извршниот одбор на околискиот односно градскиот народен одбор, кој што е и претседател на комисијата и од по еден претставител од трите месни народни одбори во околијата, каде што има најмногу неразделена фондова земја, и еден член од извршниот одбор на околискиот одбор на Народниот фронт. При градските народни одбори во ранг на околиски народен одбор покрај членовите претставители од извршните одбори на народниот одбор и Народниот фронт влегуат и три одборника од градскиот народен одбор.

6.) Во околиите, односно градовите, каде што има помалку од 50 хектара неразделена земја од Фондот на аграрната реформа нема да се образуе комисија, а извршните одбори на околиските односно градските народни одбори ке раководат и исполнуат задачите предвидени во оваа Наредба, директно или преку месните народни одбори.

7.) Задаток на комисијата е да помага на извршните одбори во раководењето на фондовата земја, а посебно:

а) да ја евидентираат сета земја од Фондот на аграрната реформа и колонизација, која што уште не е разделена.

б). да прави оперативен план за сеидба, обработка на посевните и прибирање на летината од тие земји и истиот го предлага на извршниот одбор на околискиот, односно градскиот народен одбор за одобрение.

в.) да подготвуе површината на фондовите земји за засеваење, подметнуење стрништето, угарење на ледините и прелозите, обезбенуење на ледините и прелозите, обезбедуење со семе и други земјоделски материали.

г) прибирањето на време летината и предавање на државните откупни претпријатија.

д) евидентирање на фондовите ливади, обезбедуење косидбата, собирање на сеното и предавање на државните претпријатија или овластени органи и лица за откуп на сено, од страна на државата.

г) да биде во стален контакт со машино-тракторските станици и да со истите скључуе договори за на време обработуење на површините.

е) да седмично дава писмен извештај на извршниот одбор на околискиот, односно градскиот народен одбор и Министерството за земјоделие и шумарство за сторената работа през таа седмица.

ж) за извршуење на техничката работа околу администрацијата и водењето на потребните книги, ке има службеник, кој што ке се исплатуе од приходите од фондовите земји.

Службеникот го назначуе извршниот одбор на околискиот, односно градскиот народен одбор.

з) за стварно направените разноски од членовите на комисијата на истите ке се исплатуе накнада од приходите на фондовите земји. Заповед за испатуење на накнадата потпишуе околискиот односно градскиот народен одбор.

8. Оваа наредба влегуе во сила со потпишуењето, а ке се објави во „Службен весник на НРМ".

Скопје, 9 јуни 1947 год. Бр. 5146.

Претседател на владата на Н. Р. М.,
**Л. Колишевски**, с. р.

Министер за земјоделие и шумарство
на Н. Р. М.,
**К. Симоски**, с. р.

## 222

Врз основа на чл. 1 од Уредбата за изменуење и дополнуење на Уредбата за стрижење и откуп на волна во економската 1947/48 година на Владата на ФНРЈ а со цел да се откупуењето на волна приврши и отклонат неправилностите направени во досегашниот откуп Владата на Н. Р. Македонија е издава следната

### НАРЕДБА

1. Сите стопани кои што се задолжени да предадат определената им количина волна — истата да је предадат до 22 јули 1947 година.

2 На сите стопани кои што притежават 5—10 овци и плакјат до 100 динари данок или се ослободени од таков, а определената количина волна е предале да им се исплати како слободен излишок.

3. На сите стопани кои што притежават 5—10 овци и плакат данок од 100 до 200 динара а определената количина волна е предале да им се 50% од предадената волна исплати како слободен излишок.

4. На сите стопани кои што притежават од 10—20 овци и плакат данок до 200 динара а определената количина волна е предале, да им се 30% од предадената волна исплати како слободен излишок.

Ова Наредба влегуе во сила од денот на објавуењето на истата.

Претседател на Владата на НРМ,
**Л. Колишевски**, с. р.

Министер на индустријата на НРМ,
**Г. Василев**, с. р.

## 223

### ЗАПИСНИК

од III-та седница на првото редовно заседание на Народнто собрание на Народна Република Македонија, одржана на 7 јули 1947 год.

Претседава: претседателот на Народнто собрание Д-р Борис Спиров.

Секретар: првиот секретар на Народното собрание Владо Малески.

Претседателот Д-р Борис Спиров ја отвара третата седница на првото редовно заседание во 9 и 15. часот.

Прочитаниот записник од втората седница на првото редовно заседание Собранието го прими без забелешка.

Пред да се прејде на дневниот ред, Претседателството на Народното собрание ги примило од Владата на Народна Република Македонија следните законски предлози:

1). Предлог на законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија.

2). Предлог на Законот за заведуење во градовите систем на дозволи за боравок.

3). Предлог на Законот за укинуење на Законот за надокнадуење трошковите на судските заседатели (присудители) од 27-ноември 1945 год.

Сите овие законски предлози согласно Правилникот за работата на Народното собрание доставени се своевремено на соответните одбори на Народното собрание за проучуење и представуење извештај до Народното собрание.

Потоа претседателот соопштуе дека од Президиумот на Народното собрание е примен акт со кој се бара одобрение на Указот за уважуење оставката која што е поднесол Никола Минчев, министер за просветата на НР Македонија, и неговото поставуење за министер без ресор во Владата на НР Македонија, и поставуење за Министер за прсветата на НР Македонија — Киро Хаџи Васиљев.

Секретарот ги прочита телеграмите од конференциите на антифашиските—Албанки и Муслиманки од Дебар и Струга, во кои што се бара да се донесе закон за симнуење на фереџето.

Претседателот ги сопштуе молбите и жалбите упатени до Народното собрание за време од 12 април до 6 јули 1947 год. од следните лица: Садик Неџимов Нуманов, од с. Крани, ресенска околија; Павле Галев Ордев од Св. Николе; Александар Андонов Арсов, од Св. Николе; Јонче Јорданов Блажевски, од с. Белчиште, охридска околија, Норка Вд. Круме Пиперкоски од село Козица, кичевска околија; Иванка вд. Петре Чаулева, од гр. Битола, и Благој Глигоров Мешков од Кавадарци.

Претседателот соопштуе да сите овие молби и жалби ке бидат препратени до Одборот за молби и жалби на разгледуење и потребен предлог согласно чл. 31 од Правилникот.

Се соопштуат молбите на народните пратеници за отсаство а, по предлогот на претседателот, Собранието им одобруе бараните отсаствиа на народните пратеници: Тошо Поповски, 8 дена; Никола Бражалски 10 дена; Емануил Чучков 4 дена, Трајче Трајчевски, 5 дена и Сандре Стрезовски, 5 дена.

По тоа се прејде на дневниот ред: утврдуење на дневниот ред.

Спрема предлогот на претседателот, Собранието го усвојуе за наредната седница следниот дневен ред:

1 Извештај и претрес по предлогот на Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија, во годините 1947—1951.

2. Извештај и претрес по предлогот за Законот за воведуење во градовите систем на дозволи за боравок.

3. Извештај и претрес по предлогот на Законот за укинуење Законот за надокнадуење трошквоите на судските заседатели (присудители) од 27 ноември 1945 гоидна; и

4. Потврдуење Указот на Президиумот на Нардното собрание за уважуење оставката на Министерот за просветата Никола Минчев и неговото поставуење за министер без ресор и за поставуењето за министер на просветата на НРМ Ѓиро Хаџи-Василев.

По тоа претседателот ја заклучуе седницата во 9 и 40 часот, а идната ја закажуе за денес 7-VII 1947 год. во 16 часот.

Секретар: В. Манески с. р.

Претседател: Д-р Б. Спиров с. р.

**Исправки**

Во Законот за воведуење во градовите систем за дозволи за боравок во чл. 6 став II ред 2 место „од" треба „до".

Во „Службен весник на НРМ" бр. 24, стр. 253 направени се следните грешки:

1. Во Решението за отварање на паралелка за воспитачи во установите за деца од предучилишна возраст, во став 1 ред мегу думите „ученици" изоставена е думата „во". Во ред 4 место „сремат" треба да биде „спремат" и во став 2 каде стои „именат" треба да стои „изменат".

# СОДРЖАЈ:


213. Уредба за трошарина — 255

214. Уредба за трошковите на државните стопански претпријатија — 257

215. Уредба за основање комисија за локални сообраќај при Владата на Народна Република Македонија 258

216. Уредба за основање Управа за хидро-метеоролошка служба на територијата на Народна Република Македонија — 260

217. Уредба за исплатуење дневниците и надокнадуење трошковите на судските поротници — 260

218. Уредба за основање на Геодетска управа при Владата на Народна Република Македонија — 261

219. Уредба за основање Средно-земјоделско училиште во Демир Хисар — 262

220. Уредба за фондот на раководство на претпријатијата (Фонд на раководство) и Централниот фонд на претпријатијата (Централен фонд) на државните откупни претпријатија — 263

221. Наредба на Владата на НРМ за правилно стопанисуење со земјите од фондот за аграрна реформа 264

222. Наредба за предавањето на волната — 265

223. Записник од 19 та седница на првото редовно заседание на Народното собрание на Народна Република Македонија — 265


Претседателството на Владата на НРМ — Одговорен уредник Љуб. Исакиев — ул. 4 бр. 5. Редакција ул. Маршал Тито бр. 10 Скопје — Печатница „Гоце Делчев" — Скопје.